Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина средина (Сл. Весник на РМ број 53/05 ,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 I 99/18), член 137 од Законот за управување со отпад, (Сл. Весник на РМ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16, 63/16 I 31/20), член 225 од Законот за водите (Сл. Весник на РМ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и член 53 од Законот за заштита од бучавата (Сл. Весник на РМ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-1092/1
16-02-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПЛАН

**за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2021 година**

член 1

Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст на планот - МЖСПП), врши надзор над работата на органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

член 2

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежностите.

член 3

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје во текот на 2021 година, МЖСПП ќе го спроведе во следните надлежности:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од областа на заштита на водите.
5. 4. Надзор на надлежностите на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од областа на заштита од бучава во животната средина

член 4

Во текот на 2021 година, надзорот над законитоста на работата ќе се изврши на следните општини и општини во град Скопје:

*- Скопски регион:*

1. Општина Центар
2. Општина Ѓорче Петров
3. Општина Чучер Сандево

*-Вардарски регион:*

4. Општина Велес
5. Општина Кавадарци,
6. Општина Демир Капија,

*-Источен регион:*

7. Општина Карбинци,
8. Општина Штип
9. Општина Чешиново Облешево,

*-Југозападен регион*:

10. Општина Дебар
11. Општина Вевчани
12. Општина Охрид

*-Југоисточен регион:*

13. Општина Валандово
14. Општина Дојран
15. Општина Гевгелија

*-Пелагониски регион:*

16. Општина Битола
17. Општина Новаци,
18. Општина Демир Хисар

*- Полошки регион:*

19. Општина Јегуновце
20. Општина Маврово Ростуше
21. Општина Гостивар

*-Североисточен регион:*

22. Општина Куманово
23. Општина Крива Паланка
24. Општина Старо Нагоричане

член 5

Заради остварување на надзорот од член 1 на овој план, министерот за животна средина и просторно планирање формира Комисија составена од државни службеници вработени во МЖСПП кои работат во областите наведени погоре. Во составот на комисијата најмалку двајца државни службеници се од редот на вработените во Секторот за соработка со локална самоуправа и управни и надзорни работи.

член 6

Комисијата ќе ги извести надлежните лица во општините, Град Скопје и општините во град Скопје кои се предмет на надзор најмалку 15 дена пред извршување на надзорот.

член 7

За секој извршен надзор на општините, на градот Скопје и општините во градот Скопје, Комисијата од член 5 на овој план ќе изготви Извештај за извршен надзор со препораки за натамошно постапување и истиот ќе биде објавен на веб страната на МЖСПП.

член 8

Надзорот кој е предмет на овој План ќе заврши заклучно со 31.12.2021 година.

член 9

По извршувањето на надзорот Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да го информира Министерството за локална самоуправа и Владата на Република Македонија за преземените мерки и активности при вршењето на надзорот.

член 10

По извршувањето на надзорот Министерството за животна средина и просторно планирање е должно на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје кај кој е извршен надзорот да им достави укажување за евентуалните констатирани недостатоци и да им определи рок во кој треба да ги отстранат констатираните недостатоци

член 11

Координацијата на спроведувањето на надзорот ќе се врши од страна на Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи односно Одделението за соработка со локална самоуправа при МЖСПП.

член 12

Заради состојбата со пандемијата, и неможноста пред време да бидат предвидени можностите за спроведување на планот за надзор за 2021 година, Комисијата има можност доколку се влоши состојбата да го спроведе надзорот електронски или писмено со доставување на прашалниците до Општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје, на нивните адреси и да бара пополнување на истите, врз основа на што ке го изготви извештајот за извршениот надзор за 2021 година.

Член 13

Овој план се објавува на веб страната на МЖСПП.

Министер,
Naser Nuredini

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил: Тања Кироска Филиќ
Согласен: Тања Пауновска